РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-416/6
07-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 100-та седница одржана на ден 06.02.2024 година ја донесе следнава

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-6546/1 од 28.06.2022 година, со наводи за непостапување од страна на Општина --------- во однос на рушење на бесправно изграден објект, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што постапува надлежен орган.

Предметот со број 12-6546/1 од 28.06.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 28.06.2022 година, поднесена е пријава со наводи за непостапување од страна на Општина ------------ во однос на рушење на бесправно изграден објект и оформен е предмет број 12-6546/1 од 28.06.2022 година.

Согласно наводите од пријавата, од страна на овластен градежен инспектор при општината издадено е Решение бр. ------ од 20.10.2020 година, со кое му се наложува на лицето --------------------- да го отстрани изградениот деловен објект на КП ----- КО ------- на регионален пат ----------------------------------- во рок од 5 дена и местото да го врати во првобитна состојба, но ниту од страна на лицето ниту од надлежните органи не биле преземани мерки за отстранување на објектот.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за прибирање на податоци и информации до Општина ----------. Поради недоставување на бараните информации од страна на ДКСК согласно член 23 став 3 и член 100 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на одговорното лице, градоначалникот на општината - ----------------------- му издаде прекршочен платен налог и истиот е платен.

По плаќањето на надоместокот, од страна на секторот за инспекциски надзор – општински инспекторат е доставено известување со кое се потврдува дека овластениот градежен инспектор при општината го има издадено горенаведеното решение, при што горенаведеното лице нема постапено согласно издаденото решение. Воедно, се наведува дека

е ставена во програма за извршување донесена од страна на градоначалникот и истата ќе се извршува кога ќе дојде на ред.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека во случајот постапува надлежен орган поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т. Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**